**УДК 316.723-057.87(497.5)(062)**

**Елизабета Павковиќ (Македонија)**

## VIII МЕЃУНАРОДНА СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА „ПРЕМИНУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ“ (Задар, Република Хрватска, 22–25 април 2010)

## „ИСТРАЖУВАЊЕ НА СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА: ИДЕНТИТЕТ, КУЛТУРА И ПРЕТСТАВУВАЊЕ“

Осмата средба на студентите и наставниците од одделенијата за етнологија, антропологија, фолклористика и други сродни дисциплини од Балканот, вклучени во студентската академска мрежа „Преминување на границите“ („Border Crossings“), се одржа од 22 до 25 април 2010 година. Домаќин на конференцијата беше новата членка во мрежата – Одделението за етнологија и културна антропологија при Универзитетот во Задар, Хрватска.

Главна тема на конференцијата беше „Истражување на секојдневниот живот во Југоисточна Европа: идентитет, култура и претставување“, а свои текстови презентираа шеесетина суденти на додипломски и постдипломски студии од 26 универзитети, и тоа од: Словенија, Грција, Србија, Романија, Турција, Велика Британија, Албанија, Италија, Хрватска и Македонија. Освен студентите кои ги презентираа резултатите од сопствените истражувања, на конференцијата присуствуваа уште околу шеесет студенти како слушатели.

Работата на конференцијата се одвиваше паралелно во две сали, а текстовите беа презентирани во претпладневни и попладневни сесии. Темите беа организирани во следниве тематски блокови:

– Локални, регионални, национални и европски идентитети;
– Студии на руралното и урбаното;
– Простор и место во Југоисточна Европа;
– Миграции и транснационални мрежи;
– Туризам и културно наследство;
– Антропологија, војна, етничко чистење и бегалци;
– Визуелна култура – уметничко изразување, популарна култура и преминување на границите и др.

Голем број од презентираните истражувања беа илустрирани со фотографски и видеоматеријали. По завршувањето на секоја од тематските целини следуваше плодна и конструктивна дискусија.

Во неформалниот дел на конференцијата беше реализирана посета на древниот град Нин, вечер со фолклорна музика и традиционална закуска во организација на жителите од селото Полача и разгледување на старото градско јадро на Задар.

Од година на година, сѐ поголемиот број учесници ја остварува идејата на основачите на оваа мрежа – професорите ентузијасти Љупчо Ристески од Институтот за етнологија и антропологија од Скопје и Јанис Манос од Одделението за балкански студии од Лерин – за нејзино ширење, но и јакнење на соработката помеѓу институтите, како и за воспоставување нови и зацврстување на претходно стекнатите пријателства од страна на учесниците и члeновите на организациските тимови.



